**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-63/3**
**Скопје, 12.05.2026 година**

**ЗАПИСНИК**
**од четириесет и четврта седница одржана на 12.05.2026 година**

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесет и четвртата седница на Советот, па го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записниците од 37-ма, 40-та, 41-ва, 42-ра и 43-та седница на Советот;
2. Разгледување и оценување на Годишните извештаи на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар;
3. Разгледување и оценување на Годишните извештаи на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола;
4. Разно.

Пред да се премине на усвојување на дневниот ред, збор побара членот на Советот г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ од 21.04.2026 година, така како што е објавена во Службен весник на РСМ има технички грешки, поради што е потребно да се направи исправка на одлуката, како и да се изготви пречистен текст на истата. Предложи дневниот ред да биде дополнет со уште една точка, пред точката Разно, и тоа: "Исправка на Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ и изготвување на одлука со Пречистен текст на Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ.

Вака дополнетиот дневен ред беше едногласно усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред, едногласно беа усвоени записниците од 37-ма, 40-та, 41-ва, 42-ра и 43-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му даде збор на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар и тоа: ОЈО Гостивар, ОЈО Тетово, ОЈО Дебар и ОЈО Кичево, како и со Годишниот извештај на ВЈО Гостивар за 2025 година. Кажа дека извештајот бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување.Детално го образложи истиот, ги запозна членовите на Советот со проблемите со кои се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар, со структурата на криминалот во јавните обвинителства од ова подрачје, со бројот на примени и сработени предмети, со бројот на предмети кои се во работа за 2025 година, како и со структурата на истите , а се тоа искажано во бројки и проценти за секое јавно обвинителство поединечно, како и за ВЈО Гостивар. Истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства,како и во Вишото јавно обвинителство Гостивар за извештајната 2025 година и покрај недостатокот на јавнообвинителски и стручен кадар постапувале професионално и стручно.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му се заблагодари на ВЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани на излагањето на Годишниот извештај, при што истакна дека од истиот е добиена реална слика за постапувањата на јавните обвинителства од ова подрачје,при што биле забележани позитивни резултати во нивното предметно работење, како и дека биле наведени детектираните слабости. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Зорица Павловиќ која како координатор за подрачјето на ВЈО Гостивар кажа дека од извештаите е дека работата и ажурноста се подобрени , при што стави акцент на зголемувањето на склучените предлог спогодби. Истакна дека го поддржува Годишниот извештај и ќе гласа за негово усвојување.

Г-ѓа Кети Петкова како координатор за подрачјето на ВЈО Гостивар кажа дека извештајот ги содржи сите потребни податоци, истите се прикажани систематски и графички, дека во истиот е даден осврт на сите проблеми со кои се соочуваат јавните обвинителства од ова подрачје. Наведе дека со недостаток на јавни обвинители и јавно обвинителски стручен кадар се соочуваат сите јавни обвинителства во РСМ , но се надева дека со донесувањето на новиот Закон за јавното обвинителство и предвидената норма со која и ново избраните јавни обвинители , наместо со три години работно искуство како досега,ќе можат да постапуваат и со една година работно искуство по сите предмети, ќе се придонесе кон поефикасно и поажурно јавно обвинителско постапување . Смета дека од извештајот се воочува фактот дека во сите јавни обвинителства се практикува примена на сите институти кои ги предвидува ЗКП и тоа спогодби, казнени налози, одземање на имотна корист итн. Воедно постави прашање во однос на надзорите што ги врши ВЈО на пониските основни обвинителства согласно Законот, дали истите се извршуваат редовно,посебно дали откако ќе се утврдат одредени слабости во работењето и ќе се дадат упатства и укажувања на одредени јавни обвинители, дали дополнително се врши контрола на постапувањето по дадените укажувања и забелешки.

ВЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани кажа дека секогаш кога ВЈО дава одредени забелешки и укажувања при вршењето надзор , се доставува и укажување до ОЈО да го известат ВЈО дали е постапено по детектираните слабости и укажувања .

Г-ѓа Кети Петкова се осврна и на податокот за бројот на отфрлените кривични пријави поднесени од МВР, па спореди дека во минатогодишниот извештај имало детектирано проблем во соработката на МВР Гостивар и ОЈО Гостивар,а во годинашниот извештај видно е дека има повеќе отфрлени кривични пријави поднесени од МВР Тетово , па праша дали оваа состојба е резултат на недоволна соработка на ОЈО Тетово со МВР Тетово .

ВЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани , одговори дека нема сознание дека има проблеми во комуникацијата на овие органи и дека соработката на МВР и ОЈО е на високо ниво, дека редовно се одржуваат состаноци со МВР.

Г-дин Ермон Незири кажа дека ќе го подржи годишниот извештај на ВЈО Гостивар, дека истиот целосно ги содржи сите потребни податоци кои се бараат согласно Правилникот. Како забелешка укажа на финансиските истраги и конфисткација за кои смета дека тапкаат во место. Постави прашање дали има и истражен центар под ВЈО Гостивар.

ВЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани кажа дека има истажен центар во ОЈО Тетово со двајца истражители, но без обезбедени просторни услови за работа и соодветна опрема за работење.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими постави прашање во делот на предлог спогодбите и колку се одбиени од страна на јавните обвинители.

ВЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани кажа дека на подрачјето на ВЈО Гостивар нема одбиено ниту една предлог спогодба, додека лично од негова страна има одбиено три предлог спогодби и тоа во ОЈО Тетово.

Откако никој не зема збор Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар г-дин Фаик Арслани ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Гостивар за 2025 година.

Едногласно со десет гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Гостивар за 2025 година, со подрачните основни јавни обвинителства, па се донесе следниот :

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Гостивар, со подрачните основни јавни обвинителства (Гостивар, Тетово, Дебар и Кичево) за 2025 година.**

Под точката три од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му даде збор на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола и тоа ОЈО Битола, ОЈО Прилеп, ОЈО Охрид, ОЈО Струга и ОЈО Ресен како и со Годишниот извештај на ВЈО Битола за 2025 година.Истакна дека извештајот бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. При тоа детално го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола, пред се со недостаток на јавнообвинителски кадар. Неспорно е дека со идентични проблеми се соочуваат сите јавни обвинителства од ова подрачје, наведувајќи за секое поединечно јавно обвинителство колку јавни обвинители

недостасуваат согласно предвидената систематизација. Воедно членовите на Советот ги запозна со структурата на криминалот во јавните обвинителтва од ова подрачје и со бројките на примени и сработени предмети, како и со бројката на предмети кои се во работа за 2025 година, со структурата на истите , а се тоа искажано во бројки и проценти за секое јавно обвинителство поединечно како и за ВЈО Битола. Кажа дека јаввните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола за 20 предмети имаат побарано и меѓународна правна помош и мислење.Истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства, како и во Вишото јавно обвинителство Битола за извештајната 2025 година и покрај недостатокот на јавно обвинители и стручен кадар постапувале професионално и стручно.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му се заблагодари на ВЈО на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски на опсежното излагање на Годишниот извештај и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Душица Димитриеска која кажа дека годишниот извештај за 2025 година бил добро изготвен, дека дава реална слика на работењето на ВЈО Битола и основните јавни обвинителства од ова подрачје.Смета дека постои простор и за подобрување на состојбите имајќи во предвид и недостатокот на јавнообвинителски и стручен кадар. Смета дека со дополнително ангажирање на јавните обвинители би можело уште повеќе да се подобрат состојбите, а се во насока на решавање на поголем број на кривични пријави.Истакна дека за пофалба е зголемувањето на трендот на предлог спогодби . Даде забелешка во однос на превземените истражни дејствија во ОЈО Охрид и ОЈО Струга од кои произлегува дека во ОЈО Охрид истражното дејствие-испитување на обвините и сведоци е превземено само за 315 лица, за разлика од другите ОЈО , каде бројката која е евидентна во другите обвинителства е поголема, а смета дека тоа е од големо влијание на понатамошното успешно водење на постапката. Истакна дека евидентен е и големиот број на отфрлени кривични пријави, но од кои причини и на што се должи тоа има образложение во годишниот извештај и смета дека истите се прифатливи.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски смета дека оваа бројка е точна и не станува збор за грешка туку за споро постапување на јавните обвинители.

Г-дин Фатих Алиу истакна дека извештајот содржи точни податоци кои ги покажуваат резултатите и предизвиците во работењето на јавните обвинителства.Како координатор за ова подрачје го оценува извештајот како позитивен и ќе даде позитивно мислење за негово усвојување. Истакна дека бројот на решени кривични пријави е висок, а бројката на нерешени кривични пријави значително е намален за разлика од претходната извештајна година. Во делот на податоците за користење на институтот спогодби кажа дека видно од извештајот во оваа извештајна година споредбено со претходната се утврдува дека бројот е речиси идентичен , но смета дека овој институт би требало почесто да се користи.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски во делот на спогодбите се согласи со забелешките искажани од страна на колегата Фатих Алиу.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека годишниот извештај ги содржи сите потребни податоци и дека ја дава реалната слика за состојбите во ВЈО Битола и јавните обвинителства од ова подрачје.Кажа дека ќе гласа за истиот и ќе го подржи.Воедно кажа дека ќе се осврне на излагањето на ВЈО на ВЈО Битола кое се однесува на работењето на јавните обвинители во ОЈО Охрид ,во кое обвинителство има голем заостаток на нерешени предмети. Постави прашање што е направено од страна на ВЈО Битола кое го врши надзорот над ова јавно обвинителство,како и за тоа да се види за кои јавни обвинители станува збор и доколку се знае, што е превземено од страна на ВЈО за подобрување и надминување на оваа состојба.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски кажа дека во ОЈО Охрид работите се суптилни, од надзорите е утврдено дека јавните обвинители работат професионално и законито, но се многу спори . Како можна опција кажа дека би можело да се работи на поголема ангажираноста од страна на стручните соработници.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева кажа дека била координатор за ова подрачје во изминатите две години и дека проблемот со ажурноста во ОЈО Охрид трае подолг период. Смета дека за пофалба е ОЈО Прилеп, имајќи предвид дека до средината на 2025 година работело со намален број на јавни обвинители.

Г-дин Ермон Незири се надоврза на забелешките искажани погоре во однос на состојбата ОЈО Охрид, кажа дека во тек е оглас за ОЈО на ОЈО Охрид, па предложи ВЈО Битола кога ќе ја оценува работата на јавните обвинители кои се јавиле на огласот да даде соодветни оценки за кандидатите, што би било од голема помош за Советот при одлучување и избор на ОЈО на ОЈО Охрид. Воедно кажа дека ќе побара во следните извештаи да се изготви графа за бројка за присуство на судски расправи од страна на јавното обвинителство,со цел да се има увид на колку расправи земал учество јавниот обвинител.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски се согласи со предлогот на г-дин Ермон Незири.

Откако никој не зема збор, Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола г-дин Пецо Везироски ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештај за работа на Вишото јавно обвинителство Битола за 2025 година.

Едногласно со десет гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај за работа на Вишото јавно обвинителство Битола за 2025 година со подрачните основни јавни обвинителства, по што се донесе следниот :

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеја 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Битола, со подрачните основни јавни обвинителства (Битола, Прилеп, Охрид, Струга и Ресен) за 2025 година.**

Под точка четири од дневниот ред, Претседателот на Советот кажа дека треба да се изврши исправка на одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ донесена на 21.04.2026 година која е веќе објавена во Службен весник, од причини што по нејзиното објавување е констатирано дека има технички грешки. Исто така неопходно е да се донесе и Пречистен текст на одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ. Истакна дека исправката и Пречистениот текст се изготвени во драфт верзија и се поделени на членовите на нивно запознавање .

Отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која укажа дека поради технички грешки во Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ донесена на 21.04.2026, Советот треба да направи исправка на истата, а потоа да се донесе нова одлука со пречистен текст и истата да се објави во Службен весник на РСМ.

**Од страна на членовите на Советот едногласно беше одлучено да се донесе Одлука за исправка на одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ**

**донесена на 21.04.2026 година и нова одлука со пречистен текст и истите да се објават во Службен весник на РСМ.**

Под точка разно од дневниот ред г-ѓа Кети Петкова кажа дека ќе зборува за две работи .Прво ќе зборува за потребата за информирање на јавноста дека иако Законот за Советот на јавните обвинители е донесен во Собранието истиот се уште не е објавен во Сл.весник на РСМ, Советот ќе пристапи кон донесување на сите подзаконски акти кои се предвидени во новиот закон за Советот.За тие акти што се поврзани и произлегуваат од Законот за јавното обвинителство, нема можност да се донесат , но Советот ќе отпочне со подготовки на работни верзии за да може по донесување на ЗЈО истите да се донесат. Информира дека во соработка со проектот на ЕУ Rule of law се организира семинар во Струга ,на кој членовите на Советот со претставници на ЈО ќе работат на изготвување на правилниците и актите согласно новиот закон за СЈОРСМ . Како втор аспект на својата дискусија кажа дека иако сеуште не е стапен на сила новиот закон за Советот, до денот кога ќе се избираат јавните обвинители и тоа Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје и другите јавни обвинителства за кои беше објавен оглас , сигурно истиот веќе ќе биде објавен во Сл.весник на РСМ, па Советот по однос на изборот би било убаво да примени и одредби од новиот Закон по однос на образложението кое треба да го даваат членовите на Советот за својата одлука за избор на кандидати .Во тој контекст предложи како што Советот бара вонредно оценување на кандидатите доколку не е направено редовно, да се побара од Вишите јавни обвинители освен вонредно оценување да достават податок за тоа колкав заостаток на предмети имаат јавните обвинители и од кои години се истите , дали има застарени предмети, дали има укажувања од извршени надзори , а се со цел да може да се има вистинска слика за кандидатите и да се донесе правилна оценка за истите. Смета дека овие обврски ќе бидат содржани и во Правилникот за оценување на јавен обвинител донесени согласно новиот Закон за ЈО по неговото донесување .

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими се согласи со предлогот на членот на Советот г-ѓа Кети Петкова и предложи на некоја од наредните седници Советот да донесе одлука која ќе биде согласно законските одредби. Воедно кажа дека откако ќе стапи на сила новиот закон за Советот ќе се пристапи кон изготовка на новиот Деловник за работа на Советот кој не е врзан со новиот Закот за јавното обвинителство.

Под точка разно од дневниот ред никој не побара збор, по што претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи четириесет и четвртата седница на Советот.

**Записникот го водел,**
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Башким Бесими**